ОПШТИН А ДОЈРАН

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ДОЈРАН

19.03.2026 година, Стар Дојран, Број 4

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Завршна сметка на Буџетот на општина Дојран за 2025 година

1.Завршната сметка на Буџетот на општина Дојран за 2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/1
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.", бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр. 202/24) и член 33, став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.", бр.61/04,96/04, 67/07, 156/09,47/11, 192/15 и 209/18) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Дојран на 9-та седница, одржана на ден 13.03.2026 година, донесе

## ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ
## на Општина Дојран за 2025 година

1. Општ дел

Член 1

Завршната сметка на Буџетот на Општина Дојран за 2025 година се состои од:

| | Планирано | Остварено |
|---|---|---|
| I. Вкупни приходи | 194.420.100 | 153.232.052 |
| Даночни приходи | 37.190.000 | 27.931.962 |
| Неданочни приходи | 11.680.000 | 12.275.048 |
| Капитални приходи | 21.460.000 | 3.140.533 |
| Приходи од дотации | 43.127.000 | 43.323.002 |
| Приходи од трансфери | 50.463.100 | 66.561.507 |
| Приходи од донации | 30.500.000 | 0 |
| II. Вкупни расходи | 301.038.100 | 178.705.290 |
| Од утврдени намени | 300.438.100 | 178.405.290 |
| Расходи од резерви | 600.000 | 300.000 |
| III. Дефицит | -106.618.000 | -25.473.238 |
| IV. Финансирање | 106.618.000 | 25.473.238 |
| Прилив | 107.418.000 | 26.272.938 |
| Домашни задолжувања (кредити) | 20.000.000 | 0 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| Депозит | 87.418.000 | 26.272.938 |
| Одлив | 800.000 | 799.700 |
| Отплата (отплата на главница) | 800.000 | 799.700 |

Годишната сметка на Ј.П.С.Д.Ј.П. "ТАУРИЈАН"-Стар Дојран за 2025 година

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Дојран на 31.12.2025 година износува 9.539.911,00 денари.

| | |
|---|---|
| - Салдо на 31-12-2025 | 9.539.911,00 денари |
| Салдо основен буџет | 8.476.421,00 денари |
| Салдо буџет дотации | 980.343,00 денари |
| Салдо буџет самофинасирачки активности | 83.147,00 денари |
| Салдо буџет донации | 0,00 денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 8.476.421,00 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на општина Дојран за 2026 година.

Салдото на буџетот на дотации во износ од 980.343,00 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на општина Дојран за 2026 година.

Салдото на буџетот на самофинасирачки активности во износ од 83.147,00 денари се пренесува како прилив на буџетот на самофинасирачки активности на општина Дојран за 2026 година.

Салдото на буџетот на донации во износ од 0,00 денари се пренесува како прилив на буџетот на донации на општина Дојран за 2026 година.

Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

Член 4

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Дојран за 2025 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Дојран за 2025 година ќе се објави во “Службен гласник на општина Дојран“.

Бр.08-404/3
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Заклучокот по Годишниот извештај на општина Дојран за 2025 година

1.Заклучокот по Годишниот извештај на општина Дојран за 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/2
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 34 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Р.М.“, бр. 61/2004, 96/2004, 22/2007, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015, 209/2018, и (“Службен весник на Р.С.М.“, бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Дојран на 9-та седница, одржана на ден 13.03.2026 година, по расправата по Годишниот Извештај на општина Дојран за 2025 година го донесе следниот,

З А К Л У Ч О К

За усвојување на Годишниот Извештај на општина Дојран за 2025 година.

1.Се усвојува Годишниот Извештај на Општина Дојран за 2025 година, во целост.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на општина Дојран”.

Бр.08-404/4
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка на О.О.У. ,,Кочо Рацин,, Нов Дојран за 2025 година

1.Одлуката за усвојување на Завршна сметка на О.О.У. ,,Кочо Рацин,, Нов Дојран за 2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/3
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14 , 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## За усвојување на Завршната сметка на О.О.У. „Кочо Рацин" Нов Дојран за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на О.О.У. „Кочо Рацин"Нов Дојран за 2025 година со финансовиот годишен извештај за следните сметки:

- 723010813390319, бр.05-103/1 од 26.02.2026 година,
- 723010813378714, бр.05-104/1 од 26.02.2026 година,
- 723010813378536, бр.05-106/1 од 26.02.2026 година,
- 160010813360317, бр.05-105/1 од 26.02.2026 година,

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр.08-404/5
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на Ј.П.С.Д.Ј.П. “ТАУРИЈАН”- Стар Дојран за 2025 година

1.Одлуката за усвојување на Завршна сметка за 2025 на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/4
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.") бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Р.М."), бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.275/19, 89/22 и 274/22 и член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20) Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, ја донесе следната,

## О Д Л У К А
За усвојување на Годишната сметка на Ј.П.С.Д.Ј.П. "ТАУРИЈАН"-Стар Дојран за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Годишната сметка на на Ј.П.С.Д.Ј.П. "ТАУРИЈАН"-Стар Дојран за 2025 година, бр.02-25/5 од 09.03.2026 година, усвоена со Одлука од Управниот одбор, со архивски број 02- 25/6 од 09.03.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08-404/6
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за работа за 2025 година на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран

1.Одлуката за усвојување на Годишен Извештај за работа за 2025 година на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/5
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М.") бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 11 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Р.М."), бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10,6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.275/19, 89/22 и 274/22 и член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20) Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, ја донесе следната,

ОДЛУКА

За давање согласност на Годишниот извештај за работа на Ј.П.С.Д.Ј.П. "ТАУРИЈАН" за 2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Годишниот извештај за работа на Ј.П.С.Д.Ј.П. "ТАУРИЈАН"- Стар Дојран за 2025 година, бр бр.02-25/3 од 09.03.2026 година, усвоен со Одлука од Управниот одбор, со архивски број 02- 25/4 од 09.03.2026 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08-404/7
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на цени за паркинг услуги на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран

1.Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на цени за паркинг услуги на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/6
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Р.С.М.“, бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Советот на општина Дојран на седницата одржана на 13.03.2026 година , донесе:

## О Д Л У К А
за давање согласнос на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите на ЈПСЈДП „ТАУРИЈАН” Стар Дојран, Дојран бр.02-11/6 ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.8/23

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност на Одлуката за измена на Одлуката за утврдување на Ценовникот на услугите на ЈПСЈДП „ТАУРИЈАН” Стар Дојран, Дојран, донесена од Управниот одбор на претпријатото, бр.02-25/7 од 09.03.2026 година.

Член 2

Измените се однесуваат во членот 2 во точка 1(еден) во вториот и третиот пасос на следниот начин:

-Во членот 2 од Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачје на општина Дојран, а кои ги стопанисува ЈПСЈДП „ТАУРИЈАН” Стар Дојран, Дојран, цената изнесува:

<u>1.ЦЕНА НА ПАРКИНГ КАРТА</u>

| Паркинг карта | Цена- |
|---|---|
| 1 час | 40,00 денари |
| Секој нареден час | 40,00 денари |
| Целодневна карта | 250,00 денари |

Во точка 2 од истиот член измените се вршат на следниот начин:

2. ЦЕНА ЗА МЕХАНИЧКО СРЕДСТВО – БЛОКАТОР

| Механичко средство- Блокатор | Цена |
|---|---|
| Одблокирање на возилото | 1500,00 денари |
| Доколку се плати во рок од 2 работни дена | 800,00 денари |

Член 3

Во точка 5 измените се направени само во годишниот надоместок за сопствениците за викенд куќи на следниот начин:

5.ПАРКИНГ КАРТА ЗА СОПСТВЕНИЦИ НА ВИКЕНД КУЌИ

| Месечен надоместок | Годишен надоместок |
|---|---|
| 500,00 | 2000,00 денари |

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Дојран “.

Бр.08-404/8
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Нов Дојран за 2025 година

1.Одлуката за за усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Нов Дојран за 2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/7
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14 , 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## За усвојување на Завршната сметка на јавната општинска установа за деца детска градинка„КОКИЧЕ„ Општина Дојран за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на јавната општинска установа за деца детска градинка„КОКИЧЕ„ општина Дојран за 2025 година, за следните сметки:

- Буџетска сметка, 723016240590316, со архивски број 05-11/1 од 23.02.2026 година, усвоена со Одлука на Управниот одбор со одлука бр.02-13/1 од 25.02.2026 година и
- Самофинансирачка сметка, 723016240578711, со архивски број 05-11/2 од 23.02.2026 година, усвоена со Одлука на Управниот одбор со одлука бр.02-13/3 од 25.02.2026 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр.08-404/9
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД ,,Комуналец-Полин,, Стар Дојран за 2025 година

1.Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД ,,Комуналец-Полин,, Стар Дојран за 2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/8
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 12/14 , 4/19 и 1/20), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## За усвојување на Завршната сметка ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран за 2025 година

### Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Завршната сметка на ЈПКД „КОМУНАЛЕЦ-ПОЛИН„ Стар Дојран за 2025 година, усвоена од Управниот одбор, мислење бр.02-93/3 од 25.02.2026 година по добиено мислење од Надзорниот одбор, бр.02-92/3 од 25.02.2026 година и

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ”Службен гласник на Општина Дојран”.

Бр.08-404/10
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на ЈПКД „Комуналец-Полин" Стар Дојран

1.Одлуката за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на ЈПКД „Комуналец-Полин" Стар Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/9
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24 и член 11 став 1 точка 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Р.С.М.", бр. 275/19, 89/22 и 274/22), Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, по расправата за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на Ј.П.К.Д.„Комуналец-Полин", Стар Дојран, бр. 02-93/4 од 25.02.2026 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин„ , Стар Дојран, бр. 02-93/4 од 25.02.2026 година

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин„ , Стар Дојран, бр. 02-93/4 од 25.02.2026 година, донесена од Управниот одбор на Ј.П.К.Д. „Комуналец-Полин„ , Стар Дојран, на седницата одржана на ден 25.02.2026 година.

### Член 2

Со наведената одлука се вршат измени во точка 8.1 Надоместокот за одржување на гробиштата гробна такса ................................................................1200,00 ден/ годишно.

Се врши дополнување на ценовникот со две точки:

8.9 Старо гробно место со внесување на нов корисник.................. 1000,00 денари,

9.0 Издавање на одобрение за погреб .............................................. 200,00 денари.

### Член 3

Ова Одлука влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Дојран".

Бр.08-404/11
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлука за одобрување на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели за К.П. б.р.1335/3 КО Нов Дојран од УП за село Нов Дојран, општина Дојран, со намена А1.2. - Семејни куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќа

1.Одлука за одобрување на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели за К.П. б.р.1335/3 КО Нов Дојран од УП за село Нов Дојран, општина Дојран, со намена А1.2. - Семејни куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќа, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/10
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) а во врска со член 63 став 18 од Законот за урбанистичко планирање (”Службен весник на Р.С.М.”, бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 14/12,14/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе,

## О Д Л У К А

**За одобрување на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели за К.П. бр.1335/3 К.О. Нов Дојран од УП за село Нов Дојран, општина Дојран, со намена А1.2. - Семејни куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќа**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели за К.П. бр. 1335/3 КО Нов Дојран од УП за село Нов Дојран, општина Дојран, со намена А1.2. - Семејни куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќа.

Член 2

Урбанистичкиот проект го потврдува градноначалникот, по донесувањето на одлуката и може да се применува, согласно одредбите од члeновите 52 и 53 од Законот за урбанистичко планирање (”Службен весник на Р.С.М.”, бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Член 3

Оваа одлука влегува во сила 8(осум) дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08-404/12
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за спроведување на урбанистички план за село, формирање на градежни парцели на дел од К.П. бр.1333/1, К.О. Нов Дојран, со намена А1 – домување во куќи со најмногу 4 станбени единици, Општина Дојран

1.Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за спроведување на урбанистички план за село, формирање на градежни парцели на дел од К.П. бр.1333/1, К.О. Нов Дојран, со намена А1 – домување во куќи со најмногу 4 станбени единици, Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/11
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."), бр.5/02 и ("Службен весник на Р.С.М."бр.202/24) а во врска со член 63 став 18 од Законот за урбанистичко планирање (”Службен весник на Р.С.М.”, бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/251 и 27/25) и член 16 став 1 точка 45 од Статутот на општина Дојран("Службен гласник на општина Дојран"), бр.9/06, 8/10, 14/12,14/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе,

## О Д Л У К А

За одобрување на Урбанистички проект за спроведување на урбанистички план за село, формирање на градежни парцели на дел од К.П. бр.1333/1, КО Нов Дојран, со намена А1 – домување во куќи со најмногу 4 станбени единици, Општина Дојран

### Член 1

Со оваа одлука се одобрува Урбанистички проект за спроведување на урбанистички план за село, формирање на градежни парцели на дел од К.П. бр.1333/1, КО Нов Дојран, со намена А1 – домување во куќи со најмногу 4 станбени единици, Општина Дојран.

### Член 2

Урбанистичкиот проект го потврдува градноначалникот, по донесувањето на одлуката и може да се применува, согласно одредбите од членовите 52 и 53 од Законот за урбанистичко планирање (”Службен весник на Р.С.М.”, бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила 8(осум) дена од денот на објавување во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08-404/13
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

## Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности при советот на општина Дојран

1.Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности при советот на општина Дојран, донесено на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/12
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 14 став 5 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Р. М.” бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014, 150/2015 и 201/2015) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.53/2021 и 39/2025, Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе,

# О Д Л У К А

## За формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите во општина Дојран

Член 1

Со оваа Одлука се формира Комисија за еднакви можности на жените и мажите, како постојано тело на Советот на општина Дојран.

Член 2

Комисијата ги има следните надлежности :

-Дава мислење по однос на материјалите и предлозите на седниците на советот

-Учествува во креирањето и донесувањето на стратешките документи, особено при креирањето и донесувањето на стратегијата за развој на општината, донесувањето на буџетот, статутот, програмата за работа на советот и други прописи од надлежност на советот,

-идентификува и дава предлози за начините на инкорпорирање и формализирање на принципот на еднакви можности и недискриминацијата во работата на органите на општината и општинската администрација

- се грижи за доследна примена на одредбите од законот за еднакви можности на жените и мажите и другите закони од областа на еднаквите можности и недискриминацијата, предлагајки му на советот на општината мерки и активности во насока на унапредување на еднаквите можности и недискриминацијата, врз основа на анализа на утврдените состојби од областа на во надлежност на оптината.

Член 3

Комисијата е составена од 3 члена и тоа:

За Претседател на Комисијата се именува ,

- Олгица Стојанова, член на Советот на општина Дојран.

За членови на Комисијата се именуваат:

- Роза Режак, член на Советот на општина Дојран,
- Мане Чичиманов, член на Советот на општина Дојран.

Член 4

Комисијата има координатор од редот на општинската администрација во општина Дојран, кој го именува и разрешува Градоначалникот на општината.

Член 5

Општината е должна да обезбеди просторија и средства за работа на комисијата.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во (“Службен гласник на Општина Дојран”.

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за формирање Комисија за еднакви можности на жените и мажите во општина Дојран, бр.08-877/16 (“Службен гласник на Општина Дојран”, бр.13/17).

Бр.08-404/14
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
За објавување на Локалнот акционен план за родова еднаквост во општина Дојран за 2026 година

1.Локалниот акционен план за родова еднаквост во општина Дојран за 2026 година донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/13
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 а во врска со членот 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите (“Службен Весник на Р. М.” бр. 6/2012, 30/2013, 166/2014,150/2015 и 201/2015) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.53/2021 и 39/2025, Советот на Општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе,

## ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕНЕ ПЛАН
### за план за родова еднаквост во општина Дојран за 2026 година

I. Вовед

Рамноправноста меѓу половите е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија која се заснова на целосно признавање и промовирање на еднаквите можности на жените и мажите, како неизоставен предуслов за одржлив развој, уживање на човековите права и практикување на демократските вредности. Законот за еднакви можности на мажите и жените има за цел да го промовира концептот на еднакви можности за жените и мажите во сите сфери на општествениот живот како процес на отстранување на пречките за воспоставување и остварување рамноправност меѓу жените и мажите.

Со овој Закон изречно се забранува дискриминацијата како „секое разликување, искористување или ограничување врз основа на пол што го загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на човековите права и слободи“ како во јавниот така и во приватниот сектор, и тоа во областите на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата и спортот. Отсуството на дискриминација, како директна, така и индиректна, согласно Законот за еднакви можности на мажите и жените обезбедува „еднаков третман“ меѓу половите. „Воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој“ согласно Законот, значи обезбедување „еднакви можности за мажите и жените”.

Политиката на родова еднаквост претставува едно од фундаменталните начела на демократијата и општествениот поредок. Родовата еднаквост во Република Македонија е загарантирана со Уставот, и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Постигнувањето на вистинска еднаквост меѓу родовите и справувањето со
нееднаквостите претставува грижа за целата држава, а тоа значи отстранување на сите бариери и пречки во обезбедувањето на услови за постигнување на целосна еднаквост меѓу жените и мажите.

Цел на Општина Дојран заедно со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Република Северна Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредиат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националната стратегија за родова еднаквост и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Главна задача на Општината и Комисијата е да работат на унапредување на состојбата на жените и на обезбедување еднакви можности за мажите и жените на локално ниво преку процесот на изготвување и усвојување на политики, нивно спроведување, мониторинг и евалуација на постигнатите резултати.

Како задача е и вклучување на родовиот концепт во процесот на проценување на импликациите од несоодветната вклученост на жените и мажите во секоја планирана акција како во политиките така и во програмите во секоја област.

Воспоставувањето на еднаквите можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за остварување на еднаквост меѓу жените и мажите. Преку промоција на принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите се влијае на отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и се воспоставуваат услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Во тој контекст постигнувањето на родова рамноправност значи да се работи со мажите и жените во сите сектори, но со посебен осврт на оние кои ги донесуват одлуките и кои влијаат на политиките и активностите на локално и на национално ниво.

Мерки за остварување на принципот на еднакви можности

Во насока на остварување на принципот на еднакви можности за мажите и жените, Законот предвидува две групи мерки:
основни и посебни.

Посебните мерки се важни, затоа што се усвојуваат и од страна на единиците на локалната самоуправа.
Основните мерки повеќе се во сферата на нормирањето и планирањето, а посебните мерки повеќе се однесуваат на воспоставувањето односно заживувањето на принципот на еднакви можности на мажите и жените преку отстранување на објективните пречки за неговата реализација, односно елиминирање на условите кои генерираат дискриминација по основ на пол. Согласно Законот ова треба да се реализира, пред сè, преку три вида мерки.
1.Позитивните мерки се однесуваат на воспоставување еднаква застапеност на мажите и жените во јавниот и политичкиот живот на државата и во тој правец предвидуваат приоритет на соодветниот пол сè до воспоставувањето еднакво учество на мажите и жените. Ваквата мерка се однесува на сите нивоа на власт, вклучувајќи ја и локалната, сите јавни установи и служби, политичките функции, комисии и одбори.
2.Охрабрувачките мерки предвидуваат различни активности кои треба да ги поттикнат слободите и напорите за елиминирање на нееднаквата застапеност, односно нееднаквиот третман.
3.Програмските мерки се насочени кон подигање на свеста со цел да се поттикне воведувањето и унапредувањето на принципот на еднакви можности на мажите и жените.
Единиците на локалната самоуправа се обврзани согласно Законот да го почитуваат принципот на еднакви можности на жените и мажите и да усвојуваат мерки и да преземаат активности кои се потребни за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите.

Задачи за спроведување на пропишаните законски мерки

1. Согласно членот 18 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, единиците на локалната самоуправа се должни да прибираат, евидентираат и обработуваат статистички податоци и овие податоци да ги прикажуваат според
полова припадност.
Прибраните статистички податоци се база на родовите анализи кои претставуваат следен чекор што претходи на градењето политики и преземањето соодветни програмски мерки во делот на родовата еднаквост.
Во рамките на своите надлежности и поле на дејствување, Општина Дојран е должна да преземе позитивни мерки за унапредување на родовата рамноправност и воспоставување на еднакви можности кои ќе бидат оправдани и засновани на
анализи за статусот на жените и мажите.

2. Воведување на родовата перспектива во програмите, стратегиите и останатите документи што ги разгледува и усвојува Советот на Општина Дојран.
Родова перспектива е гледиште кон родовите разлики, потреби и интереси во дадена област односно активност. Воведувањето на родовата перспектива во политиките и програмите (gender mainstreaming) е важен концепт кога станува збор за еднаквите
можности на жените и мажите.

Тоа претставува интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените
и мажите. Тоа значи, проценка на тоа како политиките влијаат врз животот и местото на жената и мажот.
Според тоа, потребно е детектирање на областите каде што недостасуваат одредби од родов аспект во одлуките, заклучоците, програмите, плановите, со кои би се унапредила родовата рамноправност и би се воспоставиле еднаквите можности на девојчињата и момчињата, жените и мажите.
Ова значи дека Комисијата за еднакви можности на мажите и жените при Советот на Општина Дојран да биде централно тело на локално ниво со надлежности во однос на воспоставувањето на принципот на еднакви можности на жените и мажите.
Другите комисии при Советот на Општина Дојран е потребно да бараат мислење од оваа Комисија за материјалите кои уредуваат или обработуваат прашања од значење за остварувањето на принципот на еднакви можности пред да ги достават до
Советот на Општина Дојран на разгледување, утврдување, односно донесување.

3. Јакнење на соработката на координаторите и Комисијата за еднакви можности со субјектите одговорни за усвојување и спроведување на мерките за воспоставување на еднакви можности.

Запознавањето со политиките за родова рамноправност претставува начин на комуникација и воспоставување соработка меѓу координаторите за еднакви можности во единиците на локалната самоуправа и Секторот за еднакви можности во Министерството за труд и социјална политика.
Потребата од дијалог помеѓу релевантните актери е неопходна за да се осигура слично ниво на работа и политики.
Координативниот механизам помеѓу локалните координатори е неопходен.
Тој е важен заради информираноста на координаторите за меѓусебните дејствувања на локално ниво – веќе е оформена платформа на која координаторите даваат
препораки за потребните промени во политиките и законите, коишто произлегуваат од редовното известување. Неопходна е и редовна и континуирана координација меѓу ресорното министерство и координаторите од единиците на локалната самоуправа заради потребата од поддршка во обликувањето на политиките и мерките на општините во областа на родовата еднаквост.
Спроведувањето на активностите за унапредување на принципот на еднакви можности значи вклучување и јакнење на соработката со другите партнери: синдикалните организации, здруженијата на работодавачи и невладиниот сектор.
Соработката со народниот правобранител која е во рамките на уставните и законските овластувања и може да се реализира согласно неговата законски утврдена надлежност да се грижи за остварување на принципот на еднакви можности на жените и
мажите и да обезбеди заштита кога нечие право е одземено или ограничено од орган или организација пред која е надлежен да постапува.
Активностите од областа на родовата рамноправност се реализираат од посебна буџетска програма.

Анализа на состојбата во Општина Дојран

Родовата еднаквост претставува важен аспект од развојот на локалната заедница и е клучна за создавање на општество во кое сите граѓани имаат еднакви можности за личен, образовен и професионален развој.
Во Општина Дојран, како и во многу други локални заедници, во последните години се забележува зголемена потреба од активности насочени кон подигање на свеста за родовата еднаквост, превенција на насилството и зајакнување на младите.

Во рамките на досегашните активности на Комисијата за еднакви можности, како и преку соработката со образовните институции, се идентификувани неколку значајни предизвици:
• појава на врсничко насилство помеѓу учениците
• недоволна информираност за родовата еднаквост
• недоволна информираност за препознавање на семејното насилство
• зголемено ниво на стрес и анксиозност кај младите
• потреба од поддршка на родителите во процесот на воспитување на децата
Дополнително, современите општествени и технолошки промени носат нови предизвици, како што се:

- влијанието на социјалните мрежи врз младите
- сајбер булинг
- притисок од врсници
- несигурност при избор на идно образование и професија

Овие фактори ја нагласуваат потребата од системски пристап во решавањето на овие проблеми преку едукација, превенција и поддршка.
Општина Дојран, преку Комисијата за еднакви можности, ќе продолжи активно да работи на спроведување на политики и активности кои ќе придонесат за подобрување на состојбата во локалната заедница.

Правна рамка

Локалниот акционен план за родова еднаквост се темели на националната и меѓународната правна рамка која го гарантира принципот на еднакви можности за жените и мажите.
Овој документ е усогласен со следните законски и стратешки документи:
• Уставот на Република Северна Македонија, кој гарантира еднаквост на сите граѓани без дискриминација по било кој основ.
• Законот за еднакви можности на жените и мажите, кој ги утврдува мерките за обезбедување еднаков статус и третман на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот.
• Законот за спречување и заштита од дискриминација, кој обезбедува механизми за заштита од дискриминација по различни основи, вклучувајќи и родова дискриминација.
• Националната стратегија за родова еднаквост, која ги дефинира приоритетите и политиките за унапредување на положбата на жените и девојчињата.
• Истанбулската конвенција (Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство), која ја обврзува државата и институциите да преземат мерки за превенција и заштита од родово базирано насилство.
Локалниот акционен план на Општина Дојран е во согласност со овие документи и претставува конкретен чекор кон нивна практична имплементација на локално ниво.

II. Области на делување

1. Справување со врсничко и родово базирано насилство

Во изминатите години Комисијата за еднакви можности при Општина Дојран, во соработка со стручен тим составен од педагог, психолог, комуниколог и социјален работник, реализираше серија едукативни работилници со учениците со цел подигање на свеста за проблемот со врсничкото насилство.
Преку овие активности беа идентификувани и мапирани повеќе предизвици поврзани со меѓуврсничките односи во училиштата, при што во одредени подрачни училишта се покажа потреба од поинтензивна работа со учениците. Работилниците овозможија учениците отворено да разговараат за проблемите со кои се соочуваат, да научат како да препознаат различни форми на насилство и како соодветно да реагираат во ситуации на конфликт.

Врсничкото насилство претставува облик на агресивно однесување кое се повторува во подолг временски период и е насочено кон одредено лице. Во вакви ситуации, ученикот или ученичката е изложен на негативни постапки од страна на еден или повеќе ученици со цел да биде повреден, понижен или исмеан. Ваквото однесување често се темели на нерамнотежа на моќ, при што посилен, поагресивен или посамоуверен ученик врши притисок врз ученик кој е почувствителен, повлечен или помалку склон кон конфликти.
Истражувањата покажуваат дека врсничкото насилство е широко распространет проблем и дека често многу повеќе ученици се засегнати отколку што се свесни родителите или наставниците. Дополнително, врсничкото насилство може да има и родова димензија, особено кога учениците се таргетирани поради пол, родови стереотипи, културна припадност или припадност на малцинска група.
Поради тоа, во рамките на Локалниот акционен план за родова еднаквост за 2026 година, предвидено е интензивирање и продлабочување на едукативните активности со учениците од О.О.У „Кочо Рацин“ – Нов Дојран, како и во сите подрачни училишта во општината.
Активностите ќе опфатат:

- интерактивни работилници за препознавање на различните форми на врсничко насилство
- едукација за ненасилна комуникација и почитување на различностите
- активности за развивање емпатија и меѓусебна поддршка помеѓу учениците
- дискусии за родова еднаквост и надминување на родовите стереотипи
- практични вежби за мирно решавање на конфликти

Целта на овие активности е создавање на безбедна и поддржувачка училишна средина во која учениците ќе се чувствуваат прифатени, заштитени и охрабрени да пријавуваат случаи на насилство.
Носители на активноста
Општина Дојран – Комисија за еднакви можности
О.О.У „Кочо Рацин“ – Нов Дојран
Партнери стручни лица (педагог, психолог, комуниколог, социјален работник) наставници и училишна администрација невладини организации
Временска рамка 2026 година
Индикатори за успех

- број на реализирани работилници
- број на ученици опфатени со активностите
- зголемено ниво на информираност кај учениците за врсничко насилство
- намалување на пријавени случаи на булинг во училиштето

Предвиден буџет 20.000 денари

2. Работилници за млади за справување со стрес, анксиозност и развој на лични и социјални вештини

Опис на активноста
Младите денес се соочуваат со бројни предизвици поврзани со нивниот личен развој, емоционална стабилност и избор на идната образовна насока. Периодот на адолесценција е време на значајни психолошки и социјални промени, кога младите се соочуваат со прашања поврзани со сопствениот идентитет, самодовербата и идните животни избори.
Со цел да се обезбеди поддршка на младите во овој чувствителен период, во рамките на Локалниот акционен план за родова еднаквост за 2026 година се предвидува реализација на серија едукативни и интерактивни работилници за учениците од О.О.У „Кочо Рацин“ – Нов Дојран и подрачните училишта.
Работилниците ќе се фокусираат на:

- препознавање и разбирање на сопствените емоции
- справување со стрес и анксиозност
- развивање на самодоверба и самопочит

- подобрување на комуникациските и социјалните вештини
- управување со лутина и конфликтни ситуации
- безбедно користење на интернет и препознавање на ризиците од социјалните мрежи
- насочување на учениците при избор на соодветно средно образование според нивните интереси, способности и потенцијали

Методологијата на работа ќе се базира на интерактивни пристапи, практични вежби и групни активности, преку кои учениците ќе имаат можност да разменуваат искуства, да ги споделуваат своите размислувања и активно да учествуваат во процесот на учење.
Особено внимание ќе биде посветено на развивањето на емоционалната интелигенција кај учениците, како и на препознавањето на негативните мисловни модели и нивно заменување со позитивен и конструктивен внатрешен говор.
Во рамките на работилниците ќе се користи и пристапот на врсничка едукација (peer learning), кој се покажал како многу ефективен во образовната пракса. Овој пристап овозможува учениците полесно да се поврзат меѓусебно, активно да учествуваат во дискусиите и да учат едни од други во атмосфера на доверба и соработка.
Преку овие активности младите ќе стекнат практични алатки за подобро справување со секојдневните предизвици, ќе ја зајакнат својата самодоверба и ќе развијат поголема свесност за сопствените способности и потенцијали.

Носители на активноста Општина Дојран – Комисија за еднакви можности О.О.У „Кочо Рацин“ – Нов Дојран
Партнери педагог психолог социјален работник наставници невладини организации
Временска рамка 2026 година
Индикатори за успех

- број на реализирани работилници
- број на ученици вклучени во активностите
- подобрена самодоверба и комуникациски вештини кај учениците
- зголемена информираност за управување со стрес и емоции

Предвиден буџет 20.000 денари

3. Подигање на јавната свест за семејно насилство и обезбедување поддршка преку СОС телефонска линија

Во рамките на Локалниот акционен план за еднакви можности, Општина Дојран во соработка со Здружението на жени од Дојран ќе реализира активности насочени кон подигање на јавната свест за препознавање, спречување и пријавување на семејното насилство. Семејното насилство претставува сериозен општествен проблем кој има долгорочни последици врз физичкото и психичкото здравје на жртвите, како и врз целокупната стабилност на семејството и заедницата. Затоа е од особено значење граѓаните да бидат информирани за формите на насилство, начините на заштита и институциите на кои можат да им се обратат за помош.
Во рамките на оваа активност ќе се спроведат информативни и едукативни активности со цел да се подигне свеста кај граѓаните за препознавање на различните форми на семејно насилство, како што се физичко, психолошко, економско и сексуално насилство. Активностите ќе вклучуваат организирање на јавни дискусии, работилници, информативни средби и дистрибуција на едукативни материјали.
Клучен дел од оваа активност е функционирањето на СОС телефонска линија достапна 24 часа на ден, 7 дена во неделата, преку која граѓаните ќе можат бесплатно и доверливо да добијат поддршка и советување. СОС линијата ќе биде управувана од стручни лица – психолози, социјални работници или обучени советници, кои ќе обезбедуваат психосоцијална поддршка, информации за правата на жртвите и насоки за понатамошна институционална помош.
Преку оваа линија, жртвите на семејно насилство ќе имаат можност:

- да добијат итна психолошка поддршка,
- да бидат информирани за достапните институционални механизми за заштита,

- да добијат насоки за пријавување на насилството,
- да бидат упатени кон соодветни институции и служби (Центар за социјална работа, полиција, здравствени установи и невладини организации).

Покрај директната поддршка на жртвите, оваа активност ќе придонесе и за намалување на стигмата поврзана со пријавување на насилство, како и за зајакнување на довербата на граѓаните во институциите и организациите кои работат на заштита на жртвите.
Реализацијата на оваа активност ќе придонесе кон создавање побезбедна локална средина, во која жртвите на насилство ќе имаат пристап до навремена и стручна помош, а граѓаните ќе бидат подобро информирани за начините на превенција и заштита од семејно насилство.
Носители на активноста:
Општина Дојран – Координатор за еднакви можности Здружение на жени Дојран
Партнери: Центар за социјална работа Полиција Образовни институции Невладини организации
Временска рамка: 2026 година (континуирано)
Индикатори за успех:

- број на реализирани информативни активности
- број на граѓани опфатени со кампањата
- број на повици на СОС линијата
- број на лица кои добиле психосоцијална поддршка

Предвиден буџет: 20.000 денари

4. Едукација и превенција од малолетнички бракови

Малолетничките бракови претставуваат сериозен општествен проблем кој има долгорочни последици врз образованието, здравјето и социјалниот развој на младите лица, особено на девојчињата. Овој феномен најчесто е резултат на традиционални стереотипи, економски фактори и недоволна информираност за правата на децата.
Општина Дојран преку Комисијата за еднакви можности ќе реализира серија едукативни работилници и предавања со учениците и родителите со цел подигнување на свеста за негативните последици од малолетничките бракови и значењето на образованието и личниот развој.
Активностите ќе бидат насочени кон:

- информирање на младите за нивните права
- подигнување на свеста за важноста на образованието
- превенција од рани бракови и рани бремености
- поттикнување на еднакви можности за девојчиња и момчиња

Во рамките на активноста ќе се организираат интерактивни дискусии, презентации и едукативни работилници со учениците од основното училиште, како и информативни средби со родители и наставници.
Особено внимание ќе се посвети на охрабрување на младите да ги следат своите образовни и професионални цели и да донесуваат одлуки кои ќе придонесат за нивен личен развој и економска независност.
Носители Општина Дојран – Комисија за еднакви можности
Партнери училишта стручни лица невладини организации
Буџет 20.000 денари

5. Обуки за родители за родителство без насилство и поддршка на децата

Родителите имаат клучна улога во развојот на децата и во создавање на безбедна и поддржувачка семејна средина. Меѓутоа, честопати родителите се соочуваат со предизвици во воспитувањето на децата, особено во периодот на адолесценција.
Во рамките на оваа активност ќе се организираат едукативни работилници за родители со цел:

- развивање на позитивни родителски вештини

- подобрување на комуникацијата помеѓу родители и деца
- препознавање на емоционалните потреби на децата
- спречување на насилство во семејството

Работилниците ќе бидат водени од стручни лица (психолог, педагог, социјален работник) и ќе вклучуваат практични примери, дискусии и размена на искуства.
Носители Општина Дојран
Партнери училишта стручни лица
Буџет 20.000 денари

III Намена на буџетските средства

Предвидените буџетски средства во висина од 100.000 денари за сите предвидени активности ќе се користат за реализација на планираните активности и покривање на следните трошоци:

- трошоци за превоз на стручниот тим до централното и подрачните училишта,
- активен СОС телефонски број 24/7 и психо социјална помош од стручно лице, достапно 24 часа, 7 дена во неделата.
- подготовка и печатење на информативни и едукативни брошури,
- печатење на промотивни и едукативни материјали,
- организација на работилници, трибини и едукативни настани,
- техничка поддршка и материјали потребни за спроведување на работилниците
- надоместоци и дневници за стручниот тим (психолог, педагог, комуниколог, социјален работник)

Овие средства ќе се распределуваат и користат тековно, според потребите на стручниот тим, а ќе овозможат успешно спроведување на активностите и ќе придонесат за подигање на свеста за родова еднаквост, превенција од насилство и унапредување на благосостојбата првенствено на младите, а се разбира и на сите жители од општината.

IV Методологија за спроведување на активностите

Реализацијата на активностите предвидени со Локалниот акционен план за родова еднаквост на Општина Дојран ќе се спроведува преку систематски и инклузивен пристап кој вклучува соработка помеѓу локалната самоуправа, образовните институции, стручните лица и граѓанскиот сектор.
Методологијата на спроведување на активностите ќе се базира на интерактивни и партиципативни пристапи, со цел активно вклучување на целните групи во процесот на едукација и подигање на свеста.
Во рамките на реализацијата на активностите ќе се користат следните методи на работа:

Интерактивни работилници

Работилниците ќе бидат организирани во училиштата и други соодветни простории, со активно учество на учениците и младите. Преку дискусии, групна работа и симулации на реални ситуации, учесниците ќе имаат можност да ги споделат своите искуства и да развијат вештини за решавање на конфликти, препознавање на насилство и почитување на различностите.

Едукативни предавања

Стручни лица како психолози, педагози и социјални работници ќе одржуваат предавања на теми поврзани со родовата еднаквост, превенцијата на насилството, емоционалното здравје и личниот развој на младите.

Јавни трибини и дискусии

За подигање на јавната свест ќе се организираат јавни настани и трибини на кои граѓаните ќе имаат можност да се информираат и да учествуваат во дискусии за прашања поврзани со родовата еднаквост и семејното насилство.

Информативни кампањи

Во рамките на активностите ќе се подготвуваат и дистрибуираат информативни брошури, постери и други едукативни материјали со цел информирање на граѓаните за нивните права и за механизмите за заштита од насилство.

Врсничка едукација

Во работата со младите ќе се применува и методот на врсничка едукација, кој овозможува учениците полесно да ги разберат и прифатат пораките кога тие доаѓаат од нивни врсници. Овој пристап придонесува за создавање на позитивна училишна клима и поголема вклученост на учениците во решавањето на проблемите.Преку овие методи ќе се обезбеди ефективно спроведување на активностите и постигнување на поставените цели на Локалниот акционен план.

Одржливост на резултатите

Една од главните цели на Локалниот акционен план е постигнување на долгорочни и одржливи резултати во унапредувањето на родовата еднаквост во Општина Дојран. Одржливоста на резултатите ќе се обезбеди преку:

Континуирана едукација

Активностите за едукација на учениците, младите и родителите ќе се реализираат континуирано и ќе претставуваат основа за развој на позитивни ставови и вредности поврзани со еднаквоста, почитувањето и ненасилната комуникација.

Зајакнување на институционалната соработка

Реализацијата на активностите ќе придонесе за зајакнување на соработката помеѓу Општина Дојран, училиштата, Центарот за социјална работа, граѓанските организации и стручните лица.

Подигање на свеста кај граѓаните

Информативните кампањи и јавните настани ќе придонесат за поголема информираност на граѓаните за родовата еднаквост и механизмите за заштита од насилство.

Развој на локални капацитети

Преку ангажирање на стручни лица и вклучување на образовните институции ќе се зајакнат локалните капацитети за справување со проблемите поврзани со родово базираното насилство и дискриминацијата.На овој начин активностите предвидени со Локалниот акционен план ќе имаат долгорочен ефект врз подобрување на квалитетот на живот во локалната заедница.

Имплементација на Локалниот акционен план

Имплементацијата на Локалниот акционен план за родова еднаквост ќе се реализира преку координирана соработка помеѓу Општина Дојран, Комисијата за еднакви можности, образовните институции, стручните лица и граѓанските организации. Главен носител на имплементацијата ќе биде Општина Дојран, односно Комисијата за еднакви можности, која ќе биде одговорна за планирање, координација и следење на реализацијата на активностите.

Во процесот на имплементација ќе бидат вклучени:

- основните училишта во Општина Дојран
- стручни лица (психолози, педагози, комуниколози и социјални работници)
- Центарот за социјална работа
- граѓански организации

- локални институции и организации

Реализацијата на активностите ќе се одвива во текот на 2026 година, согласно утврдениот временски план и предвидениот буџет.

За секоја активност ќе биде изготвен план за спроведување кој ќе ги опфаќа:

- времето и местото на реализација
- целната група
- бројот на учесници
- потребните ресурси
- очекуваните резултати

Комисијата за еднакви можности ќе врши редовно следење на реализацијата на активностите преку подготовка на извештаи и евиденција за реализираните настани.

По завршување на годината ќе биде изготвен извештај за реализација на Локалниот акционен план, кој ќе ги содржи постигнатите резултати, реализираните активности и препораките за понатамошно унапредување на политиките за родова еднаквост.

Имплементацијата на овој план ќе придонесе за создавање на побезбедна, поинклузивна и поправедна заедница во која се почитуваат принципите на родова еднаквост и еднакви можности за сите граѓани.

V.Заклучок

Локалниот акционен план за родова еднаквост на Општина Дојран за 2026 година претставува значаен инструмент за унапредување на еднаквите можности и заштита на човековите права на локално ниво.

Преку планираните активности ќе се работи на подигање на свеста за родовата еднаквост, превенција на насилството, зајакнување на младите и поддршка на семејствата.

Реализацијата на овој план ќе придонесе за:

- создавање на побезбедна средина за младите
- намалување на насилството во училиштата и семејството
- зголемена информираност на граѓаните за нивните права
- промовирање на култура на еднаквост, почитување и солидарност.

Општина Дојран ќе продолжи да соработува со образовните институции, граѓанските организации и стручните лица со цел успешно спроведување на планираните активности и постигнување на одржливи резултати.

Бр.08-404/15<br>
13.03.2026 година<br>
Стар Дојран

Претседател<br>
на Советот на општина Дојран<br>
Митко Тасев с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета на подрачјето на Општина Дојран, предизвикана од појавата на пожар, во деновите од 7 до 14 јули 2025 година

1.Заклучокот за усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета на подрачјето на Општина Дојран, предизвикана од појавата на пожар, во деновите од 7 до 14 јули 2025 година, донесен на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 13.03.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Бр.09-492/14
05.03.2026 година
Стар Дојран

Градоначалник
на општина Дојран
Илија Тентов с.р.

Врз основа на член 36 а во врска со член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М.", бр.202/24), член 16 став 1 точка 45 од Статутот на Општина Дојран Дојран („Службен гласник на општина Дојран”), бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20, Советот на општина Дојран на седницата одржана на ден 13.03.2026 година, донесе,

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета на подрачјето на Општина Дојран, предизвикана од појавата на
пожар, во деновите од 7 до 14 јули 2025 година

**1.** СЕ УСВОЈУВА Елаборатот за проценетата штета на подрачјето на Општина Дојран, предизвикана од појавата на пожар, во деновите од 7 до 14 јули 2025 година, Бр.08-55/5 од 12.03.2026 година.

**2.** Елаборатот да се достави до сите надлежн институции за постапување по истиот.

**3.** Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Дојран“.

Бр.08-404/16
13.03.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на општина Дојран
Митко Тасев с.р

С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за објавување на Завршна сметка на Буџетот на општина Дојран за 2025 година......1
2. Завршна сметка на Буџетот на општина Дојран за 2025 година ................................................2
3.Решение за објавување на Заклучокот по Годишен извештај на општина Дојран за 2025 година...............................................................................................................................................4
4.Заклучок по Годишен извештај на општина Дојран за 2025 година............................................5
5.Решение за објавување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на О.О.У. „Кочо Рацин„ Нов Дојран за 2025 година ...................................................................................................................6
6.Одлука за усвојување на Завршна сметка на О.О.У. „Кочо Рацин„ Нов Дојран за 2025 година...7
7.Решение за објавување на Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран за 2025 година.....................................................................................................8
8.Одлука за усвојување на Годишната сметка на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран за 2025 година..9
9.Решение за објавување на Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа за 2025 година на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран.........................................................................10
10.Одлука за усвојување на Годишен Извештај за работа за 2025 година на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран.......................................................................................................................................11
11.Решение за објавување на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за паркинг услуги на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран...................................................................12
12.Одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цени за паркинг услуги на ЈПСЈДП Тауријан Стар Дојран.............................................................................................13
13.Решение за објавување на Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Нов Дојран за 2025 година.........................................................................................................15
14.Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈОУДГ „КОКИЧЕ„ Нов Дојран за 2025 година.16
15.Решение за објавување на Одлуката за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комуналец-Полин„ Стар Дојран за 2025 година...............................................................................................17
16.Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈПКД „Комуналец-Полин„ Стар Дојран за 2025 година...............................................................................................................................................18
17.Решение за објавување на.Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на ЈПКД „Комуналец-Полин„ Стар Дојран........................................19
18.Одлука за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на ценовникот на услуги на ЈПКД „Комуналец-Полин„ Стар Дојран.......................................................................20
19.Решение за објавување на Одлуката за одобрување на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели за К.П. б.р.1335/3 КО Нов Дојран од УП за село Нов Дојран, општина Дојран, со намена А1.2. - Семејни куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќа.....21
20.Одлука за одобрување на урбанистички проект со план за парцелација за формирање на градежни парцели за К.П. б.р.1335/3 КО Нов Дојран од УП за село Нов Дојран, општина Дојран, со намена А1.2. - Семејни куќи со споен ѕид на меѓа-двокуќа.......................................................22
21.Решение за објавување на Одлуката за одобрување на Урбанистички проект за спроведување на урбанистички план за село, формирање на градежни парцели на дел од К.П. бр.1333/1, К.О. Нов Дојран,со намена А1–домување во куќи со најмногу 4 станбени единици, Општина Дојран...............................................................................................................................................23
22.Одлука за одобрување на Урбанистички проект за спроведување на урбанистички план за село, формирање на градежни парцели на дел од К.П. бр.1333/1, К.О. Нов Дојран, со намена А1 – домување во куќи со најмногу 4 станбени единици, Општина Дојран.......................................24
23.Решение за објавување на Одлуката за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите во општина Дојран.......................................................................................... 25
24. Одлука за формирање на Комисија за еднакви можности на жените и мажите во општина Дојран …………………………………………………………………………………..26
25. Решение за објавување на Локален акционен план за родова еднаквост во општина Дојран за 2026 година.....................................................................................................................................27
26.Локален акционен план за родова еднаквост во општина Дојран за 2026 година..................28

27.Решение за објавување на Заклучокот за усвојување на Елаборатот(корегиран) за проценетата штета на подрачјето на Општина Дојран, предизвикана од појавата на пожар, во деновите од 7 до 14 јули 2025 година..........................................................................................38
28.Заклучок за усвојување на Елаборатот(Корегиран) за проценетата штета на подрачјето на Општина Дојран, предизвикана од појавата на пожар, во деновите од 7 до 14 јули 2025 година.39
29.Содржина.....................................................................................................................................40

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН" излегува по потреба. Уредува и издава: Општинска администрација на Општина Дојран.